Република Македонија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј"
**Архитектонски факултет Скопје**
Партизански одреди 24
1000 Скопје П.фах 303,
тел. 3164974, 3116328/102,
тел./факс. 3116367
e-mail:dekanat@arh.ukim.edu.mk

Republic of Macedonia
University„Ss. Cyril and Methodius"
**Faculty of Architecture**
Partizanski Odredi 24
1000 Skopje P.o.box 303,
tel. 3164974, 3116328/102,
tel./fax. 3116367

# Конкурс за доделување на средства за финансирање на научноистражувачки проекти на УКИМ

Со овој конкурс се доделуваат средства за финансирање на научноистражувачки проекти на факултетите во составот на УКИМ. Секоја единица на Универзитетот има право да предложи само еден научноистражувачки проект врз основа на предлог одлука на надлежниот орган на единицата и да добие средства за финансирање на еден научноистражувачки проект.

Правото за финансирање се остварува доколку 1. Носител на проектот е единицата на УКИМ, и 2. Проектот не е финансиран од други извори.

Потполната документацијата на апликацијата на конкурсот за доделување на средства за финансирање на научноистражувачки проекти на УКИМ треба да содржи:

- Пријава,
- Краток осврт за проектот со:
  - наслов на проектот
  - носител на проектот
  - план за реализација
  - цели на проектот
  - очекувани резултати
  - други битни елементи за проектот
- Финансиски план

  Потребно е да се достави реален буџет за сите предвидени активности со проектот во кој, согласно правилата на распишувачот на конкурсот, за хонорари можат да бидат искористени најмногу 25%, а за режиски средства можат да се искористат најмногу 5% од добиените средства. Од добиените средства може да се набавува компјутерска опрема, но не и лаптоп компјутери.

**Рок за доставување на пријавите до деканатот на АФ е до 15.00 часот во петок, 09.02.2018 година.**

Декан

Вон. проф. д-р Огнен Марина

# Насоки за подготвување на апликацијата и критериуми за оценка на апликациите од Архитектонски факултет

Покрај **комплетноста на апликацијата**, како **дополнителен квалитет** на пријавата ќе се вреднуваат и следните елементи на проектот:

- Вклученост на истражувачи од повеќе Институти на Архитектонскиот факултет;
- Вклученост на млади истражувачи (за млад истражувач се сметаат истражувачи кои докторирале во изминатиот период кој не е подолг од 8 години од датумот на апликацијата);
- Јасно дефиниран научен проблем, цели на проектот и очекувани резултати;
- Детално разработен план на активности;
- Детално разработен план за користење на средствата (буџет);
- План за јавно претставување на научноистражувачкиот проект и резултатите кои произлегле од него во форма на публикација, изложба, предавање и сл.;
- План за публикување на научни трудови во научни списанија, учество на конференции со научни трудови и сл.;
- План за идни активности и продолжување на работата на проектот.

Апликациите се поднесуваат до деканатот на Архитектонски факултет, а ќе бидат оценувани од страна на Комисијата за научноистражувачка и апликативна работа на АФ при УКИМ.